РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-300/2
05.02.2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 08-03-2018
Орг. Ед.: 08 | 913/4 | Прилог: | Вредност:

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2 седница одржана на 18.01.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Стоматологија - максилофацијална хирургија, трет циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Стоматологија - максилофацијална хирургија, трет циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор на стоматолошки науки - максилофацијална хирургија**
Научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство
Научно – истражувачко поле: Стоматологија
Научно – истражувачко област: максилофацијална хирургија

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **три** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошки факултет, трет циклус студиските програми „Стоматологија - максилофацијална хирургија", на 20.10.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 3 седница, одржана на 09.11.2017 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 2 седница одржана на 18.01.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
Стоматолошки факултет
Скопје
Примено: 07.06.2018

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1662/1 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-801
17.05.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Стоматологија – максилофацијална хирургија на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Стоматологија – максилофацијална хирургија на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 21-244/5 од 15.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-801 од 23.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Стоматологија – максилофацијална хирургија на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-300/2 од 05.03.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-801 од 29.03.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-801 од 27.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Стоматологија – максилофацијална хирургија на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**проф. д-р Рената Дескоска**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити